16 Makedonska brigada, 18
1000 Skopje,
Republic of North Macedonia
Tel: ++389(0)2/3287 024; 3287 149
Fax: ++389(0)2/3287 076
E-mail: sales@makstil.com.mk
Web: www.makstil.com
MK 4030997338244

**Образложение кон постигнатите резултати на Макстил А.Д. Скопје**

**за периодот јануари – јуни 2023 година**

Глобалниот економски развој во текот на првата половина од годинава почна да бележи подобрување, но истиот и понатаму останува кревок. Намалените цени на енергенсите придонесуваат кон намалување на инфлацијата и кон релаксирање на оптоварувањата на буџетите на домаќинствата. Деловното и потрошувачкото расположение се зголемува, додека пак неочекуваното рано отворање на кинеската економија даде поттик за зголемување на глобалната активност.

Челичната индустрија веќе подолго време се справува со бројни предизвици, од пандемијата до енергетската криза и другите тековни фактори како руско-украинскиот конфликт и прекините на синџирот на снабдување. Во исто време, Европската Унија, каде што Макстил воглавно ги пласира своите готови производи се наоѓа во критичен момент и е притисната и обврзана да ги постигне целите за декарбонизација, циркуларност и самостојно долгорочно да се развива, во кои челикот има клучна улога. Оттука, поддршката на европскиот зелен челик станува клучна за поттикнување на користењето на обновливите извори на енергија, водородот и чистата технологија на овој за нас многу значаен пазар.

Макстил, како многу значаен регионален производител на толовалани дебели лимови во континуитет ги следи глобалните текови, постојано врши прилагодување на сите деловни функции и успева навремено да одговори на тековната побарувачка на челик.

Макстил АД – Скопје за периодот јануари – јуни 2023 година оствари позитивни финансиски резултати искажани во неревидираните поединечни финансиски извештаи.

## Остварено производство и реализација

Оствареното производство на дебели лимови во првото полугодие на 2023 во производниот погон Валавница изнесува 144.610т. што споредено со 145.973т. во истиот период на 2022 претставува намалување од 1%, додека во однос на поставениот производен план за првото полугодие од годинава (141.876т.) претставува зголемување од 1%. Оствареното производство на челичанските слабови во извештајниот период е 155.136т. што споредено со 130.708т. во 2022 претставува зголемување од 18%, додека во однос на планираното производство за првите шест месеци (162.052т.) претставува намалување од 5%.

16 Makedonska brigada, 18
1000 Skopje,
Republic of North Macedonia
Tel: ++389(0)2/3287 024; 3287 149
Fax: ++389(0)2/3287 076
E-mail: sales@makstil.com.mk
Web: www.makstil.com
MK 4030997338244

**Табела бр.1 Производство на слабови и лимови (количина во тони)**

| производство во тони | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| производство на слабови | 155.136 | 130.708 |
| производство на лимови | 144.610 | 145.973 |

Реализацијата на топловаланите дебели лимови во количински показатели за првите шест месеци од годинава изнесува 164.534т., што споредено со 156.775т. првите шест месеци од минатата година претставува зголемување од 4%.

**Табела бр.2 Реализација на лимови (количина во тони)**

| реализација на лимови во тони | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| директна продажба | 45.250 | 52.739 |
| договор за преработка | 119.284 | 104.036 |
| **Вкупна реализација** | **164.534** | **156.775** |

**Вкупни приходи**

Во овој период се остварени приходи од работење во износ од 4,23 милијарди денари, од кои приходите од продажби како носечка ставка во структурата на вкупните приходи учествуваат со дури 99%. Споредено со истиот период од 2022 остварените приходи од работењето (5,46 милијарди) се пониски за 23%. Намалените приходи воглавно се должат на намалувањето на продажните цени на нашиот готов производ како и соодносот помеѓу дирекната продажба на Макстил и договорите за преработка.

**Табела бр.3 Остварени приходи од продажба**

**(Во 000 Ден.)**

| остварени приходи од директна продажба и приходи од преработка | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| приходи од директна продажба | 2.704.457 | 3.542.830 |
| приходи од преработка | 1.507.452 | 1.880.178 |
| **Вкупни приходи** | **4.211.909** | **5.423.007** |

16 Makedonska brigada, 18
1000 Skopje,
Republic of North Macedonia
Tel: ++389(0)2/3287 024; 3287 149
Fax: ++389(0)2/3287 076
E-mail: sales@makstil.com.mk
Web: www.makstil.com
MK 4030997338244

## Вкупни расходи

Во првите шест месеци од работењето остварените расходи изнесуваа 3,78 милијарди денари, од кои трошоците за производство се носечка ставка и во структурата на вкупните расходи учествуваат со 93%. Споредено со истиот период во 2022 година остварените расходи од работењето (4,51 милијарди денари) се пониски за 17%, што воглавно се должи на намалувањето на трошоците на енергенсите и влезните материјали во текот на овој период.

## Добивка пред оданочување и нето добивка

**Табела бр.4 Остварена добивка**

**(Во 000 Ден.)**

| Добивка | 2023 | 2022 | Индекс |
|---|---|---|---|
| | Износ | Износ | 23/22 |
| Нето добивка | 182.174 | 640.166 | 28 |
| Добивка пред оданочување | 204.325 | 712.838 | 28 |

Добивката пред оданочување во извештајниот период е 204 милиони денари и е речиси четирикратно пониска од остварената во првото полугодие од 2022, додека нето добивката изнесува 182 милиони денари, четирикратно пониска од остварената за истиот период во минатата година. Намалувањето на добивката воглавно се должи на пониските продажни цени на готовиот производ.

Во периодот од август до декември не се очекуваат позначајни промени во делот на продажните цени и трошоците за производство односно продажните цени се очекува да се движат на линија на веќе започнатиот тренд.

## Исплатени дивиденди

Во овој период компанијата нема извршена исплата на дивиденди по акција заради пренесени загуби од претходниот период.

## Сметководствени политики и методи на вреднување

Сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во финансиските извештаи на Макстил АД, во првата половина од 2023 година не се променети.

16 Makedonska brigada, 18
1000 Skopje,
Republic of North Macedonia
Tel: ++389(0)2/3287 024; 3287 149
Fax: ++389(0)2/3287 076
E-mail: sales@makstil.com.mk
Web: www.makstil.com
MK 4030997338244

## Инвестиции

Во текот на првите шест месеци од 2023 реализирани се инвестициони активности за одржување во кондиционата спремност на инсталираната опрема и производните линии, како и за подобрување на безбедноста при работа во износ од 58,5 милиони денари.

## Очекувања за претстојниот период

За наредниот период се очекува благ пораст на побарувачката на челик, пропратена со стабилност на цените на готовиот производ, одржување на постојното ниво на инфлацијата, намалување на кредитниот притисок од страна на банките како и опоравување на потрошувачката. На нашиот најголем пазар Европската Унија и понатаму се очекува да продолжи да се чувствува влијанието на војната, додека на турскиот пазар се очекува зголемување на побарувачката за челични производи. Макстил и понатаму ќе продолжи со реализација на поставените цели, особено во сегментот на осовременување на опремата и производствените процеси како и подобрувањето на здравјето, безбедноста и благосостојбата на сите свои вработени. Во текот на овој период компанијата во насока на грижата за стандардот на своите вработени изврши нагорна корекција на платите и воедно беше исплатен и регрес за годишен одмор во највисок износ.

Нашата работна култура како и нашиот бизнис модел продолжуваат позитивно да ги диференцираат нашите перформанси во споредба со конкуренцијата. Веруваме дека има силни двигатели за нашиот континуиран раст и остануваме фокусирани кон понатамошна долгорочна одржливост.

## Општествена одговорност

Активностите во делот на општествената одговорност, грижата за животната средина, активната поддршка на концептот за циркуларна економија, производството на зелен челик и трасирањето на цврстата определба за „нула отпад“ се неколкуте врвните компаниски приоритети. Исто така, преку различни проекти ја продолжуваме нашата соработка со општината во која делуваме, со цел креирање на позитивен имиџ и кај најмладите жители на нашата општина, а секако и поддршката на ранливите категории на граѓани продолжува во континуитет.

Скопје, 31.07.2023 година